СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# СТЕФАН РАДИНОСКИ

за Вевчани



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



**Драги мои вевчанци,**

Ви се обраќам со почит, разумност и одговорност како ваш кандидат за градоначалник. Како жител на ова место, како човек, роднина и пријател, верувам дека ќе донесам нова енергија, чесна работа и рамноправност во Општина Вевчани.

Ова е моја прва кандидатура, но не и првпат да се грижам за мојот народ. Влегувам во трка со нов тим млади, стручни и посветени луѓе, со нови свежи идеи. Во мене граѓаните може да гледаат другар и човек од теренот, кој не седи само во канцеларија, туку оди таму каде што има проблем – низ сите маала, улици и во секое семејство и бара решение за тоа. Ние немаме стар товар и нечисти зборови. Имаме чиста љубов кон Вевчани и волја преку чесен пристап за вистинска промена. Ги познавам предизвиците со кои се соочувавме во изминативе години, но и огромниот потенцијал што го имаме.

Моите приоритети се да работам за вас и со вас, верувам дека заедно можеме многу подобро. Подобрување на условите за живот во Вевчани, грижа за младите и повозрасните генерации, подобрување на локалната инфраструктура, зачувување на нашата природа, култура и традиција...

Да започнеме ново поглавје во Вевчани, кое ќе го пишуваме заедно, зашто само така можеме да направиме вистинска промена. Промената не доаѓа од партија, од позиција, од функција, туку од однесување. Гласајте за градоначалник што ќе биде на ваша страна и до вас не над вас. Верувам во ново и подобро Вевчани, верувам во вас.

Ве повикувам да ми ја дадете вашата доверба, вашата поддршка и вашиот глас, пред сè, како човек, како личност со големо срце, со амбиција, со желба за работа, со визија и со идеја за промена.

Со почит и благодарност,

**Стефан Радиноски**
Ваш кандидат за градоначалник на Општина Вавчани

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Вевчани

Ние сме кандидати за Советот на Општина Вевчани и се обраќаме директно до вас вевчанците. Веруваме дека Вевчани заслужува ново, модерно и праведно работење. Проблемите со кои се соочувате се и наши затоа и ви ветуваме чесен и искрен пристап. Со ваша поддршка заеднички можеме да создадеме развиена, одговорна и организирана општина. Ветуваме дека за сите предлози, проблеми и потреби ќе се води отворен дијалог со ваше активно учество. Со ваша поддршка до ново, чесно и одговорно раководење.
Како нов општински Совет го бараме вашиот глас бидејќи сме подготвени за предлози и одлуки во ваш интерес.

1. Верица Мукоска, р. 1999, магистер, професор по македонска книжевност, СДСМ
2. Филип Баткоски, р. 1994, земјоделски инженер, СДСМ
3. Благица Чочороска, р. 1988, дипломиран економист, СДСМ
4. Катерина Парталоска Кожеска, р. 1993, доктор на општа медицина, СДСМ
5. Антонио Лешоски, р. 1992, економист, СДСМ
6. Зорица Попоска, р. 1983, дипломиран воспитувач, СДСМ
7. Алимпие Дејкоски, р. 1993, хотелско-ресторански техничар, СДСМ
8. Душица Калајџиеска, р. 2003, економист, СДСМ
9. Анастас Плушкоски, р. 1986, електротехничар за телекомуникации, СДСМ

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини





СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Реконструкција на старата училишна зграда и пренамена во нов модерен туристички центар – Вевчани
- Изградба на плоштад пред општинска зграда.
- Во центарот на Вевчани, местото што беше рушевина, го пренаменивме во модерен и зелен парк.
- Реконструкција на улица „Шопев мост – Здравствен дом – Вевчани" (750м).
- Изградба на прв крак од обиколница (1 km).
- Реконструкција на повеќе локални улици што многу години не биле реконструирани
- Изградба на прв крак Сервисна улица С4
- Набавка на смарт-табли за училниците во ООУ „Страшо Пинџур" Вевчани
- Реновирање на Детската градинка „Планински цвет" Вевчани (внатрешен ентериер, нови детски реквизити и играчки)
- Набавка на нова опрема за ЈКП „Еремја" Вевчани (нов трактор со додатна опрема за зимско одржување и мулчер)
- Енергетската ефикасност: Општинската зграда на Вевчани, речиси пренаменета во ваквиот модел: сменета е ПВЦ-дограма, изградена е термофасада на општинска зграда, поставени се фотоволтаици.
- Исто така, поставени се фотоволтаици и во другите објекти, спортската сала, основното училиште, на туристичкиот центар Вевчани.
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води.
- Прогласено заштитено подрачје Вевчански Извори споменик на природата.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Изработка на сообраќајно решение - нема
- Реконструкција (бетонирање) на главни канали за наводнување - Делумно
- Нов урбанистички план - нема
- Изградба на повеќенаменско спортско игралиште - нема
- Создавање услови за локален економски развој на општина вевчани - не е започнато
- Подобрување на инфраструктурата за пристап до земјоделско земјиште - речиси нема
- Дигитална општина „smart city" - нема
- Создавање предуслови за развој на активен туризам -речиси и да нема
- Информатички систем 48 - нема
- Реконструкција на „вевчански извори" и проширување на содржините – делумно
- Уредување на излетничко место „јанков камен" - само промена на неколку даски
- Програма за финансирање на проекти од локален интерес во културата во општина вевчани – селективно, скоро и да нема
- Создавање услови за развој на спортот во општина вевчани - нема
- Проект за изградба на игралиште за голем фудбал – нема
- Изградба на соларен парк „тумба плешец" – нема
- Водовод - заштита и оградување на каптажи, комори и резервоари, преземање мерки за решавање на недостигот со вода за пиење горна зона – нема
- Реконструкција на кино сала - нема



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам првпат затоа што Вевчани заслужува промени и новитети. Мотив ми е да донесам нова енергија, транспарентност и развој, за подобрување на квалитетот и животот на сите вевчанци.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Визијата е клучен елемент за преземање конкретни чекори од суштинско значење. Целта е вклучување во поширокиот контекст на општеството, бидејќи од нејзино реализирање зависи и квалитетот

на животот на луѓето, во целост.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Потребно е обединување на сите граѓани без разлика на каква било лична определба и работење исклучиво во нивни интерес. Мојата програма е основа за промени, бидејќи е реална и се базира врз решавање на основните проблеми, потреби и барања на граѓаните, а не е само предизборен маркетинг.

Покрај инфраструктурните проекти, потребно е работење и одговорност во сите области како и активна соработка со сите.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се иднината на нашата општина. Тие носат нови идеи, енергија и потенцијал за развој. Затоа е важно да им обезбедиме услови за истакнување на своите способности, тука, во родното место Вевчани.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Безбедноста на граѓаните е основен приоритет. Главните проблеми доаѓаат како недостиг од капацитет за управување со институциите под локалната самоуправа (безбедност во сообраќајот, поголема соработка со службите и вклучување на граѓаните). Само со сериозен пристап ќе се создаде сигурна средина за сите.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Доброто планирање на просторот и мобилноста се значајни за забрзан развој и поквалитетно живеење. Неопходно е да се изработат детални планови што ќе овозможат рационално користење на земјиштето, подобрување на инфраструктурата. Тоа ќе го направи Вевчани поурбано.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Проблемите со загадувањето и дивите депонии се резултат на лошо управување и неодговорност. Потребни се конкретни мерки: редовно чистење и мониторинг за следење на таквите несакани состојби, систем за селекција на отпад и рециклирање, едукација на граѓаните и строга контрола на загадувачите. Само со заедно можеме да обезбедиме чист и здрав живот за сите.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Враќањето на довербата во системот е вистински предизвик, но не е невозможно. Подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста кон граѓаните се клучни чекори кон тоа. Со искрен и правичен пристап, борба против корупцијата и редовна комуникација со граѓаните, можеме да изградиме силна доверба во нашата општина.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

- Иселувањето и намалениот наталитет се сериозни предизвици за иднината на општината. Без луѓе, нема развој и перспектива. За да ги задржиме луѓето, мораме да создадеме правичен систем, услови за работа, квалитетно образование и здравство, поддршка за младите да останат и да се развиваат тука и јасна перспектива за иднината во Вевчани.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

- Затоа што доаѓам со нова енергија и вистинска желба за промени. Не сум дел од сегашниот систем што ги занемарува потребите на граѓаните. Јас слушам, работам чесно, одговорно и транспарентно и ќе се борам за подобар живот во Вевчани за сите, со реални решенија и искрена посветеност кон секој еден.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Едукативни работилници за млади
- Организација на младински фестивал (музика, спорт, литература...)
- Културна и уметничка програма: Концерти и настапи на локални бендови, диџеи и млади артисти
- Креативни работилници: графити, сликање, фотографија и дигитална уметност, изработка на накит, занаети
- Рекреативни активности: турнири во фудбал, баскет и сл.
- Минигрантови за поддршка на мали проекти и иницијативи на младите
- Работилници за професионален развој, финансиска и дигитална писменост, како и едукации за здравје и превенција од родово насилство за жени.
- Се поттикнува формирање женски здруженија за меѓусебна поддршка и активно учество во културни и спортски активности. Општината овозможува нивно вклучување во донесување одлуки преку советодавни тела и го охрабрува волонтеризмот, со цел зајакнување на улогата на жените во заедницата и нивна економска и социјална автономија.
- Финансиска помош за пензионерите за еднодневни екскурзии.
- Културни настани со пензионери преку раскажување спомени и традиции од Вевчани.
- Мобилни здравствени проверки во соработка со Здравствен дом „Вевчани".
- Образованието е столб на развојот и иднината на заедницата.
- Поддршка за учениците и наставниците преку организирање работилници за дополнително учење, дигитална писменост и современи наставни методи приспособени кон локалните потреби.
- Ќе го поттикнуваме образованието и ќе создадеме простор за креативни активности, со цел да ги мотивираме младите да останат и да се развиваат во родното место.
- Достапна и квалитетна училишна опрема за сите ученици во Вевчани.
- Културата е идентитетот на Вевчани и нашата обврска е да ја негуваме и развиваме.
- Поддршка на локални уметници, занаетчии и културни работници преку мали грантови, изложби и настани.
- Организација на културни вечери, поетски читања, кинопроекции и манифестации што ја оживуваат традицијата.

- Дел од неискористените простории во општината и во туристичкиот центар ќе се користат како културни центри отворени за сите генерации.
- Ќе поттикнеме соработка меѓу младите и постарите преку проект „Жива традиција", каде што се пренесуваат вештини и приказни.
- Вевчани заслужува жива културна сцена што ги вклучува сите.
- За животна средина, Општина Вевчани ќе спроведува еко-иницијативи за заштита на природната убавина и одржливоста на локалната средина.
- Ќе се организираат екоакции за чистење јавни простори, излетнички места и Вевчанските Извори, со вклучување на млади, здруженија и пензионери. Ќе се воведат програми за едукација за рециклирање, селекција на отпад и одговорно користење вода. Ќе се уредат мали зелени површини, патеки и клупи за одмор, како и акции за засадување дрвја. Ќе се поддржат локални иницијативи за обновлива енергија и еколошки туризам. Животната средина е заедничка одговорност, а Вевчани има потенцијал да биде пример за еколошки свесна рурална заедница.
- Во Вевчани ќе градиме заедница што се темели врз еднаквост, солидарност и достапност. Ќе поддржиме ранливи категории – пензионери, лица со попреченост, самохрани родители и социјално загрозени семејства - преку програми за помош, советување и вклучување во општествени активности. Ќе се организираат меѓугенерациски дружења, хуманитарни настани и соработка со локални здруженија. Општината ќе овозможи пристапност до јавни простори и информации за сите. Ќе поттикнеме волонтеризам, социјални иновации и локални иницијативи што ги поврзуваат луѓето. Целта е никој да не биде исклучен – Вевчани да остане мала, но грижлива заедница каде што секој има глас, место и поддршка.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Сообраќајно решение за модерна локална инфраструктура

Вевчани во делот на сообраќајот, се соочува со реален проблем од немање соодветен простор за паркирање како за локалците, така и за посетителите особено за време на сезона Летен и зимски период.

- За таа цел потребна е реконструкција на постојните патишта, особено главната улица која води до центарот на Вевчани.
- Подобрување на квалитетот и безбедноста преку вклучување на соодветна хоризонтална и вертикална сигнализација.
- Подобрување на инфраструктурата за пешаците и реконструкција на тротоарите.
- Централен паркинг-простор на влезот на Вевчани со цел олеснување на сообраќајот во јадрото на Вевчани.
- Формирање на паркинг-зони на дел од јавниот простор во Вевчани за кои ќе се обезбеди и систем за наплата за посетители.
- Ограничување на возилата во одредени периоди од денот, со цел безбедно движење  на пешаците и олеснителен пристап кон посакуваната цел.

**Влијание на проектот:**

- Подобрена локална патна инфраструктура
- Поголема сообраќајна безбедност и создавање на соодветен простор за паркирање
- Поддршка за туризмот во Вевчани и квалитет на живот
- Промоција на Вевчани како посакувана туристичка дестинација

**Целна група:**

Населението во Вевчани и посетителите/туристите

## Изградба на Мултифункционално спортско игралиште и спортско катче на отворено

Изградба на мултифункционално спортско игралиште и спортко катче на отворено со цел подобрување на условите и квалитет за истакнување и напредување во полето на спортот за младите и сите жители. Вевчани ќе добие простор кој ќе ги охрабри младите да спортуваат и да се посветат на здрави навики, а ќе се збогатат и содржините во спортот. Овој проект ќе придонесе додавање на уште една компонента каде ќе има место и за одвивање на спортски игри во организација како на општината така и на државно и меѓународно ниво за одржување на спортски настани од повеќе дисциплини како на пример мал фудбал, кошарка, одбојка, ракомет и сл. Како составен дел на игралиште ќе биде и спортското катче кое ќе биде опремено со современи фитнес справи кои ќе овозможат на жителите да одржуваат добар физички и здравствен статус без потреба на дополнителни финансиски трошоци, практичен пристап за сите граѓани за спорт и рекреација.

**Влијание на проектот:**

здравје, социјализација, туризам и економија на општината

Развој на спортот и младинскиот ангажман

Услови за организирани тренинзи, спортски натпревари и рекреативни настани

**Целна група:**

- Сите жители на општината - без разлика на возраст
- Спортски клубови и организации - за тренинзи и натпревари;
- Образовни институции – за одржување на спортски часови и ученички активности
- Посетители и учесници во спортски настани – на општинско, државно и меѓународно ниво

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Решение за водоснабдување крак „горна зона“ – Обновување и модернизација на водоводната инфраструктура

„Горна Зона“ се соочува со недостиг на вода во летниот период поради ограничената издашност на изворите. Иако Вевчани располага со водни ресурси, системот што опслужува повеќе од 1/3 од населението често колабира, со слаб притисок и недоволни количини за основните потреби. Потребно е итно и трајно решение:

- Изградба на пумпна станица за пренос на вишок вода од „Долна“ до „Горна Зона“;
- Разгледување на можноста за каптирање нов извор и изградба на довод;
- Санирање на каналот за наводнување (Црвен Кладенец – Смолејца) – оптимизирање на потрошувачката на вода за пиење, се овозможува рационално користење и се намалува ризикот од нејзино неправилно трошење.
- Модернизација на мрежата преку замена на стари цевки со поиздржливи за намалување на загуби, воведување автоматизирани системи за брза детекција и интервенција при дефекти и развивање одржливи решенија за справување со летниот недостиг. Едукација за рационално користење на водата.

**Влијание на проектот:**

- Социјално влијание - редовен пристап до безбедна вода за пиење
- Позитивно влијание и еднакви можности за целокупното население во Вевчани.

**Целна група:**

Домаќинствата поврзани на водоснабдителниот ситем кој опслужува 1/3 од целокуното население

## Иницирање на иницијатива за проектирање и изградба на потегот P2240 – „Ворбиче – Вердани – Смолејца"

Иницирањето на иницијатива за проектирање и изградба на потегот: P2240 „Ворбиче - Вердани - Смолејца" претставува стратешка иницијатива со значајна вредност за Вевчани. Со овој правец се овозможува поврзување на регионален пат Горна Белица и се отвораат можности за развој на алтернативниот зимски туризам на Јабланица, како и подобар пристап до природните и културни ресурси во Вевчани. Станува збор за голем инфраструктурен зафат – кој бара сериозен пристап, темелна подготовка и вклучување на повеќе институции. Општината ќе започне со изготвување на планска и техничка документација како прв чекор кон процесот на реализација. Со поставување на јасна насока, овој проект преку зголемената поврзаност ќе поттикне одржлив локален развој и нови можности за инвестиции и туризам

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција и изградба на локални улици и промена на канализациона инфраструктура

Реконструкции на веќе постоечки локални улици и промена на канализациона инфраструктура: „Центар Вевчани – Вевчански извори", „Центар-Кукој - Нанoj-Попеј" „Пазарче Вевчани – Стванци", „Каланој – обиколница Вевчани Југ", „Костојчини-Шекуткој", "Попој-Гогој" „Центар - Трафо Бебекој", „Трафо Бебекој-Бубаној", „Ќитано плевне -Бебекој", "Дамој – Обиколница Вевчани Југ",

Доизградба на „Сервисна улица-С4"

**Влијание на проектот:**

- Подобрување на квалитетот на живот
- Позитивно влијание врз безбедноста и полесно одвивање на сообраќајот
- Долгорочно решение за одведување на отпадните води

**Целна група:**

- Жителите на Вевчани – побезбедно, поквалитетно и полесно секојдневно движење;
- Возачи и пешаци – подобра и посигурна патна инфраструктура;

Туристи и посетители – подобар пристап и впечаток при посета;

Локални бизниси и служби – за олеснет транспорт и достапност до нивните објекти.

## Реконструкција на каналите за наводнување и пробивање на пристапни патишта до земјоделски површини

Вевчани располага со изобилство на природни води, но со години се соочува со недоволен доток на вода поради запуштените и оштетени канали за наводнување. Приоритет е санација и реконструкција на постоечките канали на целото подрачје – темелно чистење, продлабочување и бетонирање – со цел да се обезбеди континуиран доток на вода до земјоделските површини. Ќе се подобрат условите за работа на луѓето што се занимаваат со одгледување земја, ќе се спречат штетите предизвикани од одлевање на вода низ урбаното подрачје на Вевчани. Обезбедуваме и квалитетна земјоделска инфраструктура. Со пробивање и уредување на пристапните патишта до земјоделските површини, се добива лесен и безбеден пристап до сопственото земјиште.

Развојот на земјоделската инфраструктура овозможува поефикасна работа, создава услови за поголема продуктивност, стимулира и им дава шанса на оние кои досега немале пристап до земјоделско земјиште да се вклучат кон таа гранка.

**Влијание на проектот:**

- Подобри условите за наводнување на земјоделските површини
- Намалување на ризикот од материјални штети
- Оптимизирање на потрошувачката на водата за пиење
- Пристап до нови земјоделски површини

**Целна група:**

- Земјоделци и земјоделски производители
- Локалното население и локални бизниси поврзани со аграрен сектор
- Општинската администрација

Идни корисници на земјоделско земјиште

## Енергетски ефикасна општина – соларни решенија

- Искористување на општинско земјиште за соларен парк, со цел зголемено производство, заштеда на електрична енергија и долгоречен финансиски ефект за намалување на трошоците. Поставување ЛЕД паметни светилки со сензори со цел помала потрошувачка на струја. Поставување на урбана опрема со соларни панели (клупи, табли и сл.), кои ќе акумулираат енергија јавно достапна за употреба.

**Влијание на проектот:**

Намалена потрошувачка, полесен пристап до струја и одржлив развој преку искористување на обновливи извори на енергија.

**Целна група:**

- Жителите на општина Вевчани
- Општината и администрацијата
- Еколошки свесни граѓани
- Идни генерации

## Реконструкција на кино салата – дом на култура

Домот на култура е важно место за собири и настани во Вевчани, но со години е запоставен. Со реконструкцијата се обезбедуваат подобри услови за сите што настапуваат и ја негуваат културата. Достоен простор за фолклор, театар и културни настани, а се оживува и кино-просторот за гледање филм. Со тоа се обезбедува функционален, достоен и модерен културен простор за сите.

**Влијание на проектот:**

Се овозможува жив културен живот, подобри услови за настани и мотивација за младите да творат и останат во Вевчани и зачувување на традицијата.

**Целна група:**

- Ученици, студенти и млади уметници кои учествуваат во културни настани
- Културно-уметнички друштва

# ПРОЕКТИ

- Наставници и организатори на културни активности
- Сите Вевчанци
- Туристи и посетители

## Пристапен пат и уредување на излетничкото место „Јанков Камен“

Санирање на пристапниот пат до Јанков Камен, формирање тим составен од експерти за подобрување на еко-системот и редовно чистење. Уредување на излетничкото место - поставување урбана опрема, разгледување на можноста за изградба нова електрична мрежа и ставање во функција осветлување. Поставување информативни табли со мапа, правила на однесување и едукативни содржини.

**Влијание на проектот:**

- Подобрување на квалитетот и можноста за организирање екскурзии за деца и возрасни
- Кампување и нови можности за развој на туризмот

**Целна група:**

- Локалното население од Вевчани - спортисти, рекреативци, туристи од земјата и странство,
- Ученици и наставници од основни и средни училишта – за настава во природа и организирани посети.
- Планинарски и извиднички здруженија

## Јакнење на локалниот капацитет за „Справување со пожари“

Во насока на побезбедна и поодржлива општина се предвидува формирање локална единица за превенција и интервенција при пожари, со фокус на шумските пожари. Набавка на опрема, уредување складиштен простор и обучување тим од доброволци. Соработка со противпожарните служби и локалните институции и едукативна кампања за подигање на јавната свест.

**Влијание на проектот:**

Ја зајакнуваме отпорноста на заедницата со брзи интервенции и активна вклученост на граѓаните во заштита на околината.

**Целна група:**

Целокупното население и природните ресурси во поднебјето на планината Јабланица

## Воспоставување „уличен систем“ во Вевчани

Процес на воспоставување улици со имиња и броеви, во соработка со жителите преку јавни дискусии, анкети и работни групи. Ќе се подобри пристапот до услуги и основата за дигитални алатки и туризам – за пофункционално и модерно Вевчани. Именување и планирање на уличната мрежа со почитување на традицијата и историјата на секој дел од Вевчани.

### Влијание на проектот:

Ќе се подобри ориентацијата, пристапот до услуги, итните интервенции и доставата. Понапредно и помодерно функционирање.

### Целна група:

Целокупното население, доставувачи, посетители и сл.

## Нов урбанистички план во Вевчани

Урбанистичкиот план ја определува просторно-инфраструктурната организација на Вевчани, регулирајќи изградба, развој на инфраструктура, јавни површини и заштита на природните и културните вредности. Целта е да се обезбеди одржлив и контролирано уреден просторен развој што ги задоволува потребите на заедницата.

Ќе овозможи уреден развој на Вевчани, со подобрена инфраструктура и заштита на природните и културните вредности, а ќе придонесе за подобар квалитет на живеење и поефикасно управување со просторот.

### Целна група:

- Жителите на Вевчани
- Бизнис заедницата
- Посетители и потенцијални инвеститори

## Дигитализација на општина Вевчани

Со дигитализација се воведува апликација за онлајн плаќање даноци и такси, следење на јавни настани, одлуки и пријавување комунални проблеми. Се овозможува еден систем за наплата што го скратува чекањето. Објави на буџет, тендери и одлуки кои ја зголемуваат транспарентноста. Вклучена е и дигитална едукација за користење на дигиталните услуги и еко-данок за туристички објекти.

### Влијание на проектот:

Полесен пристап и ефикасни услуги, зголемена транспарентност, доверба, младински ангажман и рационални процеси во локалната управа.

### Целна група:

- Жителите на Вевчани
- Бизнис заедницата
- Општинската администрација
- Млади и технолошки активни корисници
- Посетители и потенцијални инвеститори

# ПРОЕКТИ

## Национална манифестација „Вевчански карневал" – центар за културно и карневалско наследство

Зачувување и промоција на македонското културно наследство преку Националната манифестација „Вевчански Карневал". Долгорочен договор со Министерството за култура за финансиска поддршка. Обезбедена просторија за подготовка, изложба и едукација. Вклучување во национални и светски мрежи со медиумска промоција за зголемување на препознатливоста.

**Влијание на проектот:**

Проектот обезбедува долгорочна финансиска помош, зачувување на традицијата, културен развој и туристички потенцијал за Вевчани.

**Целна група:**

- Локалното население на Вевчани
- Културни работници и уметници
- Домашни и странски туристи
- Истражувачи на културно наследство
- Институции за култура и образование

## Сектор за заштита на природата во рамки на општина вевчани

Сектор за заштита на природата со раководител, еколошки инспектор и експертска комисија за природа и екологија. Предвидени се потсектори за заштита на природните вредности и биодиверзитетот, акции за пошумување, развој на еко-туризам, зелени сертификати, системи за рециклирање, соларни панели, промоција на еко-производи и партнерства со институции и универзитети.

**Влијание на проектот:**

Одржливо управување со Вевчански Извори, развој на еко-туризам, зголемена свест, нови активности и поддршка од фондови.

**Целна група:**

- Жителите на општина Вевчани
- Еколошки организации и активисти
- Млади и ученици
- Туристи и посетители
- Финансиери и донатори

## Оживување и развој на културата

Живи и отворени простории во Мултифункционалниот објект со цел развој на културната сцена во Вевчани. Организирање литературни вечери, концерти, изложби, промоции. Посебни креативни простории во кои уметниците ќе можат да создаваат, изложуваат и

соработуваат. Обединување на сите генерации вевчански музичари, сликари, поети, писатели.

**Влијание на проектот:**

Зајакнување на културниот живот во Вевчани, оживување на просториите во сите уметници, Мултифункционалниот објект каде ќе творат.

**Целна група:**

- Артисти (музичари, уметници, писатели, поети)
- Културни работници и невладини организации
- Широката јавност заинтересирана за културни активности
- Туристи и посетители кои бараат културно-музички содржини

## Јакнење на капацитетите на „ЈП Еремја Вевчани“

Воведување приправна служба-интервенции за време на викенди и празници, усогласено со законот. Во туристичка сезона и за време на манифестации ЈКП ќе работи во смени-со фокус на хигиената, водоснабдувањето и канализацијата за поорганизирано и почисто Вевчани. Подобрување на условите преку набавка на нова механизација и опрема, вреднување на трудот на работниците – задоволни работници успешно претпријатие.

**Влијание на проектот:**

Олеснително функционирање, отворена соработка при давањето услуги во својство на Јавен сервис, подобри услови за работниците

**Целна група:**

Целокупното население, посетители, разни организации

## Советодавни тела за развој на општина Вевчани

За одржлив и стратешки развој на Вевчани - формирање советодавни комисии од стручни лица од разни области. Совети и предлози за важни одлуки за урбанистичко планирање, екологија, јавно здравје и локален економски развој. Комисиите ќе вклучуваат инженери, екологисти, доктори, економисти и млади професионалци. Отворено, стручно и одговорно управување.

**Влијание на проектот:**

Советодавни комисии од стручни лица ќе обезбедат заеднички решенија за различни проблеми. Професионално и транспарентно управување.

**Целна група:**

Целокупното население, Општина Вевчани ќе се афирмира и надвор од границите

# ПРОЕКТИ

## Социјално-одговорна општина со парична поддршка за секое семејство

Социјалната иницијатива обезбедува финансиска поддршка за младите семејства во Вевчани преку еднократен надомест за новороденчиња и годишна помош за првачиња, полуматуранти и матуранти. Целта е да се поддржи родителството, да се покаже внимание и значење на најмладите. Исто така да се поттикне демографската стабилност во општината.

### Влијание на проектот:

Проектот ја поддржува младата популација, ја зголемува демографската стабилност и ја поттикнува локалната заедница.

### Целна група:

Млади семејства со новороденчиња, првачиња, полуматуранти и матуранти.



# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

- **Реконструкција на постојното игралиште – баскет 3х3 со гумирана подлога**
    - Реконструкција на постојната локација Игралиштето со асфалт ќе се реконструира и адаптира за 3х3 баскет
    - Гумирана подлога Ќе се постави спортска гумирана подлога за подобра безбедност и игра
    - Нов кош и обележување Инсталација на нов кош и обележување на теренот по основни стандарди
    - Поддршка од приватен инвеститор. Инвестицијата е обезбедена и ќе се реализира веднаш по изборите
    - Простор за млади и спорт Игралиштето ќе биде постојано отворено за млади, рекреативци и турнири
- **Финансиска поддршка за реконструкција на автентични фасади во Вевчани**
    - Стручна комисија: формирање комисија која ќе утврдува кои објекти имаат автентична архитектонска вредност

# – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- Критериуми и правилник: дефинирање на јасни критериуми и постапка за избор на фасади за поддршка
- Проектна документација: изработка на соодветни архитектонски решенија за одобрените објекти
- Фазна финансиска поддршка: обезбедување делумна поддршка според буџетски можности, по јасни услови
- Надзор и транспарентност: контрола на изведбата и редовно информирање на јавноста за напредокот

### НОВ ЛИК НА ВЕВЧАНСКА РЕКА

- Уредување и урбана опрема: клупи, канти за отпад, инфотабли
- Санација на мостови и поставување заштитни огради на критични точки
- Санација на осветлувањето на кејот на Вевчанска река со ЛЕД-светла
- Редовно одржување и чистење на кејот
- Поставување видеонадзор (смарт-системи) на клучни точки покрај кејот за превенција од загадување

### ОТВОРЕНО КИНО - ОТВОРЕНО ВЕВЧАНИ

- Бесплатна и достапна културна содржина за сите
- Организирање филмски вечери за сите категории граѓани (млади и возрасни)
- Набавка на современа опрема за прикажување филм (проектор, платно, озвучување, светилки, столови, душеци)
- Јавен простор – парк, училиштен двор, плоштад, амфитеатар
- Можност за вклучување на угостителските објекти – понуда на пијалаци

### НОВА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА

- Идентификација на сите непокриени локации со канализациска мрежа (локални улици)
- Изработка на проектна документација (капацитет, материјали и приклучоци)
- Обезбедување средства (општински буџет, државна поддршка и грантови)
- Обезбедување основни услови за домаќинствата што не се приклучени досега
- Набавка на систем за редовно одржување (одзатнување на канализациски линии)

### САНАЦИЈА НА ТЕНИСКОТО ИГРАЛИШТЕ

- Одржување на целиот комплекс – редовно чистење, тревна вегетација и разни израстоци
- Замена на дотраената урбана опрема со нова (столчиња и клупи за седење)
- Ставање во функција на осветлувањето како можност за користење во вечерните часови
- Санација на подлогата – детално чистење и преобележување на теренот, поставување нова тениска мрежа
- Промена на безбедносните мрежи околу теренот, замена со нови

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## САНАЦИЈА НА ШУМСКИОТ ПАТ ДО „СВ. СПАС – ГОРНИ“

- Соодветна дренажа, заштита од ерозија и поставување соодветна сигнализација
- Сезонско одржување на патот, особено пред празникот Спасовден
- Означување на патот со информативни табли, со историско-културна содржина
- Обезбедување соодветен и безбеден пристап до местото
- Поттикнување на поголем број посетители

## САНАЦИЈА НА КРИТИЧНИ ТОЧКИ - ШУМСКИ ПАТ „ГОЛИНА“

- Санација, рамнење и безбедна пристапност до шумскиот пат, со поставување соодветна дренажа и заштита од ерозија
- Означување на патот со патокази и дрвени табли - за полесна ориентација
- Подобрување на безбедносните услови, преку отстранување на потенцијални опасности, како што се паднати дрвја и сл.
- Планирано одржување пред и по празникот Петровден (12 јули), кога традиционално се кампува
- Изнаоѓање на решение за мала и безбедна паркинг зона-плато на соодветна локација во близина на излетничката зона

## АКТИВНА ПЛАНИНАРСКА ЗОНА ВЕВЧАНИ

- Поддршка за планинарите и создавање атрактивна авантуристичко-планинарска зона.
- Планинарска зона – спортски игри за авантуристи.
- Промоција на планинарски спортови, тури, натпревари и настани во природа.
- Развој на планинарството преку организирани тури за сите љубители на планинарењето.
- Обука и безбедносна екипираност на планинари доброволци.

## Уредување и разубавување на јавните површини во Вевчани

- Чистење и подготовка на запуштени јавни површини
- Садење трева, дрвја, цвеќиња и сл.
- Поставување урбана опрема: клупи, канти, инфотабли
- Вклучување на ученици, млади и локални здруженија - активна вклученост на локалната заедница
- Подобрување на визуелниот изглед и туристичката понуда на Вевчани

## Транспарентен Совет – Седници достапни за сите граѓани

- Пуштање во употреба на постојната техничка опрема за онлајн следење на седниците на Советот на Општина Вевчани со што ги рушиме бариерите на ограничување на слободата на јавноста и на советниците.
- Воспоставување редовни и јавно достапни преноси на седниците на Советот за поголема транспарентност и отчетност.
- Активирање и користење на постојната опрема, креирање распоред и пренос

преку онлајн платформи достапни за сите граѓани.

- Подобро информирани граѓани, отвореност на работата на Советот и зголемена доверба во локалната власт.
- Транспарентност, еднаквост, јавна одговорност, демократско учество и слободен пристап до информации.

**Разгледување можност за враќање на големиот фудбал во Вевчани**

- Анализа на статусот на локацијата Вердани - Испитување на правниот и урбанистичкиот статус на земјиштето пред почеток на реконструкцијата.
- Основање фудбалски клуб ФК „Вевчани“ со поддршка од Општината и бизнис-заедницата. Можност за враќање на големиот фудбал - наследник на поранешниот ФК „Дримкол“.
- Планирање на фудбалскиот терен, мала трибина и соодветна инфраструктура според потребите на општината.
- Теренот да се користи и за развој на младински школи, тренинзи и спортски активности
- Тренерски кадар со лиценци, соработка со училиштата за спортски програми - Едукација и развој на тренерски кадар и создавање одржлива спортска заедница

**Нов изглед – редизајнирање на постојната фонтана во центарот на Вевчани**

- Јавен конкурс за идејно решение за редизајн на фонтаната, отворен за млади архитекти, дизајнери и уметници
- Модерен изглед со локални елементи (вода, камен, дрво)
- Транспарентен повик до локални бизниси и вевчанската дијаспора за финансиска и материјална поддршка
- Зеленило и простор за седење и одмор
- Смарт-осветлување, урбана опрема (клупи, канти за отпадоци...)

**Целосна обнова на „Вевчанските извори“**

- Замена на старата урбана опрема со нова (канти за отпадоци, клупи и сл.)
- Нова електрична мрежа и 100 % светење на сите светилки
- Санација на заштитна ограда и дрвените мостови
- Уредување и стабилизација на патеки и природни површини
- Редовна анализа и мониторинг на квалитетот на водата, во соработка со надлежни институции

**Подобрување на условите во ЈОУДДГ „Планински цвет“ - Вевчани**

- Поставување заштитна ограда за безбедност на дечињата
- Реконструкција на покривот на детската градинка – замена со нов
- Доградба на детската градинка – нови простории
- Подобрување на условите и кадровска екипираност – зголемување на бројот на негувателки според бројот на деца
- Финансиска поддршка за обуки и доедукации на постојниот персонал

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА